# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 9.10.2025 година<br>Скопје<br>Број 11 год. XX | Претплатата за 2025 год. износува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


октомври, 2025 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Заклучок за за усвојување на Полугодишниот наративен и финансиски извештај на Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО за 2025 година, со Решение за објавување ..... 1 - 2

- Одлука за давање на трајно користење на движни ствари-прочистувачи на воздух, со Решение за објавување ............................................... 3 - 4

- Одлука за суспензија на примена на дел на деталниот урбанистички план: Измена и дополнување на детален урбанистички план „Буњаковец 1" УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23 донесен со Одлука бр. 07-3625/14 од 10.05.2012 г., Општина Центар-Скопје за КП 11651/1, КП 11652/1, КП 11652/2 и други, КО Центар 1, Скопје, согласно ГП 12.2, со Решение за објавување ...................................... 5 - 8

- Јавна објава ........................................................................... 9 - 12

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Полугодишниот наративен и финансиски извештај на Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО за 2025 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Полугодишниот наративен и финансиски извештај на Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО за 2025 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 53. седница, одржана на 9.9.2025 година.

Бр. 09-5118/3
9.10.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 53. седница, одржана на 9.10.2025 година, раправаше по наративниот и финансискиот извештај на Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО за 2025 година и донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Полугодишниот наративен и финансиски извештај на Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО за 2025 година**

1. Се усвојува Полугодишниот наративен и финансиски извештај на Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО за 2025 година

2. Заклучокот да се достави до Установата од областа на културата Културно социјален простор ЦЕНТАР-ЈАДРО.

3. Овој Заклучок влегува на сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5118/2
9.10.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари-прочистувачи на воздух**

Се објавува Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари-прочистувачи на воздух,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 53. седница, одржана на 9.9.2025 година.

Бр. 09-5118/5
9.10.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 став од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), Советот на Општина Центар-Скопје на 53. седница, одржана на 9.10.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на трајно користење на движни ствари**
**прочистувачи на воздух**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Центар-Скопје дава на трајно користење без надомест движни ствари – прочистувачи на воздух на Јавните установи основани од Општина Центар-Скопје и тоа на:

- ООУ КИРО ГЛИГОРОВ Центар Скопје - 3(три) прочистувачи на воздух (Проиводител: MANN+HUMMEL Модел:OURAIR SQ 2500 со Инвентарен број 250133, Инвентарен број 250134 и Инвентарен број 250135;

- ЈУДГ на Општина Центар РАДЕ ЈОВЧЕВСКИ КОРЧАГИН Скопје - 1(еден) прочистувач на воздух (Производител:MANN+HUMMEL Модел:OURAIR SQ 2500 со Инвентарен број 250136);

- ЈУДГ на Општина Центар КОЧО РАЦИН Скопје - 1(еден) прочистувач на воздух (Производител:MANN+HUMMEL Модел:OURAIR SQ 2500 со Инвентарен број 250137) и
- ЈУДГ на Општина Центар 13 НОЕМВРИ Скопје - 1(еден) прочистувач на воздух (Производител:MANN+HUMMEL Модел:OURAIR SQ 2500 со Инвентарен број 250138).

Оваа Одлука се носи согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар бр.50-6003/36 од 8.7.2025 година (,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр.142/25) донесена од Влада на Република Северна Македонија, Одлуката за давање согласност на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар-Скопје бр.08-4214/12 од 6.8.2025 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр.9/25) донесена од Советот на Општина Центар-Скопје и склучен

Договор за уредување на правата и обврските за престанок и давање на движни ствари на трајно користење помеѓу Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Општина Центар–Скопје, заверен во Општина Центар-Скопје под број 09-4179/2 од 07.08.2025 година и во Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија под бр.55-7001/1 од 16.07.2025 год.

**Член 2**

Субјектите од член 1 став (1) од оваа Одлука се должни да ги користат движните ствари - прочистувачи на воздух наменски, согласно природата на работата, да ги превземат сите обврски и да ги сносат сите трошоци поврзани со користењето на истите (поставувањето, тековното одржување, поправките и сл).
Се задолжуваат субјектите, по уреден прием на движните ствари - прочистувачите на воздух, истите да ги заведат во својата сметководствена евиденција.

**Член 3**

Се овластува и задолжува Градоначалникот на Општина Центар-Скопје со сите субјекти да склучи Договори, со кои ќе се уредат меѓусебните права и обврски на договорните страни.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје”.

Бр. 08-5118/4
9.10.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за суспензија на примена на дел на деталниот урбанистички план: Измена и дополнување на детален урбанистички план „Буњаковец 1“ УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23 донесен со Одлука бр. 07-3625/14 од 10.05.2012 г., Општина Центар-Скопје за КП 11651/1, КП 11652/1, КП 11652/2 и други, КО Центар 1, Скопје, согласно ГП 12.2**

Се објавува Одлуката за суспензија на примена на дел на деталниот урбанистички план: Измена и дополнување на детален урбанистички план „Буњаковец 1“ УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23 донесен со Одлука бр. 07-3625/14 од 10.05.2012 г., Општина Центар-Скопје за КП 11651/1, КП 11652/1, КП 11652/2 и други, КО Центар 1, Скопје, согласно ГП 12.2,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 53. седница, одржана на 9.9.2025 година.

Бр. 09-5118/7
9.10.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласни на Општина Центар-Скопје бр.1/06, 12/15, 9/19, 1/21 и 11/21), а во врска со член 23 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/2020, 111/2023 и 127/25) Советот на Општина Центар-Скопје на 53. седница, одржана на 9.10.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за суспензија на примена на дел на деталниот урбанистички план: Измена и дополнување на детален урбанистички план „Буњаковец 1“ УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23 донесен со Одлука бр. 07-3625/14 од 10.05.2012 г., Општина Центар-Скопје за КП 11651/1, КП 11652/1, КП 11652/2 и други, КО Центар 1, Скопје, согласно ГП 12.2**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Центар го суспендира од примена делот од деталниот урбанистички план: Измена и дополнување на детален урбанистички план „Буњаковец 1“ УМ1, УМ2, УМ3, УМ4, УМ5, УМ6, УМ8, УМ9, УМ10, УМ11, УМ12, УМ13, УМ14, УМ15, УМ18, УМ19, УМ20, УМ21, УМ22, УМ23донесен со Одлука бр. 07-3625/14 од 10.05.2012 г., Општина Центар-Скопје за КП 11651/1, КП 11652/1, КП 11652/2 и други, КО Центар 1, Скопје, согласно ГП 12.2 поради несомнена штета по јавниот интерес што е воочена во текот на спроведувањето на планот и која се зголемувала со неговото спроведување, и произлегла од неговата спротивставеност со законот и прописите донесени врз основа на него.

**Член 2**

Оваа Одлука Советот на Општина Центар Скопје ја носи заради:

- Потреба за дополнителна стручна анализа и усогласување со јавниот интерес;
- Недостаток на инфраструктурна поддршка (подземен резервоар за загревање за потребите на Студентскиот дом “Кузман Јосифовски Питу”-Скопје);
- ГП бр. 12.2 се наоѓа во зона на нефункционален и недозволен пристап;

- Не е изработен елаборат за животна средина, бидејќи ако е потребна дислокација на резервоарот за загревање неопходно е да се утврди обемот на штетните влијанија при дислокација на истиот од причини што при една нејасна и неутврдена состојба на терен може да се доведат во опасност околните жители кои што живеат и гравитираат во непосредна близина, околности кои што претставуваат несомнено загрозување на јавниот интерес;
- реализацијата на пристапната сообраќајна површина која согласно предметниот ДУП е планирано да се протега на КП 11651/1, 11652/1, 11652/2 и др, КО Центар 1, Скопје;

**Член 3**

Се задолжува и овластува Градоначалникот на Општина Центар Скопје да ги запре сите постапки за издавање на одобренија за градење на дел од ДУП утврден во член 1 од оваа Одлука и да поведе постапка за изработка на стручен елаборат за применувањето на делот од урбанистичкиот план опишан во член 1 од оваа одлука, како и да ги преземе сите дејствија за заштита на јавниот интерес утврден во член 2 од оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Центар Скопје.

Бр. 08-5118/6
9.10.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
Ип1бр. 34-35-1/564 од 02.10.2025 г.
С К О П Ј Е

Овластениот градежен инспектор во Општината Центар-Скопје, врз основа на член 137 став 1 и член 134 став 1 алинеа 1 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18, 244/19 и 18/20), донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**1.СЕ НАРЕДУВА НА ИНВЕСТИТОРОТ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, по приемот на ова решение, во рок од **3(три) ДЕНА**, да ја **ОТСТРАНИ градбата – АБ ПЛОЧА** со димензии 25.00x42.00м висина h=0.65м која претставувала темелна плоча каде биле поставени времени објекти-бараки на УЛ. Ј.Х.ЦИНОТ КП 5343 КО ЦЕНТАР 1, ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РМ.

2.Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување на градбата.

3 Трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот.

4.Жалбата против ова решение не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Овластениот градежен инспектор во Општината Центар-Скопје, постапувајќи по службена должност, изврши увид на лице место и констатира со Записник за констатација Ип1 бр. 34-35-1/546 од 02.10.2025, градежен дневник број 3 од 2025год., дека **ИНВЕСТИТОРОТ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, не поседува одобрение за градба, а има изградено **АБ ПЛОЧА** со димензии 25.00x42.00м висина h=0.65м која претставувала темелна плоча каде биле поставени опожарените времени објекти-бараки на УЛ. Ј.Х.ЦИНОТ КП 5343 КО ЦЕНТАР 1, ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РМ.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата, согласно член 137 став 4 од Законот за градење не го одлага извршувањето на решението.

Со оглед на тоа што при инспекцискиот надзор е утврдено дека градителот ја изградил/поставил градбата без одобрение за градење/решение по член 73, согласно член 135 алинеа 3 од Законот за градење се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапкаво рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР,**
**дипл. град.инж. Олга Влинтоска**

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ
Ип1 бр. 34-35-1/564 од 06.10.2025 г.
С К О П Ј Е

Овластениот градежен инспектор во Општината Центар-Скопје, врз основа на член 142 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18, 244/19 и 18/20), донесе:

**З А К Л У Ч О К**
- за дозвола на извршување -

1. **СЕ УТВРДУВА** дека решението бр. ИП1 34-35-1/564 од 02.10.2025 г. донесено од страна на овластениот градежен инспектор во Општина Центар – Скопје, е **ИЗВРШНО** и се допушта неговото административно извршување.
2. **СЕ НАЛАГА** на извршеникот **ИНВЕСТИТОРОТ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ВО РОК ОД 3(три) ДЕНА** по приемот на овој Заклучок сам да ја **ОТСТРАНИ** градбата: **АБ ПЛОЧА** со димензии 25.00x42.00м висина h=0.65м која претставувала темелна плоча каде биле поставени времени објекти-бараки на УЛ. Ј.Х.ЏИНОТ КП 5343 КО ЦЕНТАР 1, ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РСМ., или го допушти неговото присилно административно извршување.
3. До колку извршеникот не постапи по овој Заклучок, извршувањето ќе се спроведе по присилен пат за сметка на извршеникот.
4. Жалбата изјавена против овој Заклучок не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Овластениот градежен инспектор во Општина Центар-Скопје, со решение ИП1.бр. ИП1 34-35-1/564 од 02.10.2025 г. му наложи на градителот **РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** да ја **ОТСТРАНИ** градбата – **АБ ПЛОЧА** со димензии 25.00x42.00м висина h=0.65м која претставувала темелна плоча каде биле поставени опожарените времени објекти-бараки на УЛ. Ј.Х.ЏИНОТ КП 5343 КО ЦЕНТАР 1, ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РМ.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата, а чие извршување се допушта со овој Заклучок, согласно член 137 алинеа 4 од Законот за градење не го одлага извршувањето на решението.

Поради тоа во оваа управна работа првостепеното решение во смисла на одредбите на член 142 од Законот за градење станува извршно со доставување заклучок на странката на која се однесува решението.

Бидејќи споменатото решение станало извршно се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

**ПРАВНА ПОУКА** Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.
Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР,**
**дипл. град.инж. Олга Влинтоска**

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**ИП1бр. 34 -35-1/564 од 09.10.2025г.**
**С К О П Ј Е**

Овластениот градежен инспектор во Општина Центар-Скопје, постапувајќи по службена должност, а врз основа на член 97, став 1 и 2 од законот за општата управна постапка (Службен весник на РМ бр.124/2015 и 65/2018), донесе:

## РЕШЕНИЕ

**За исправка на грешка во Заклучок за дозвола за извршување ИП1 бр. 34 -35-1/564 од 06.10.2025г.**

1. **СЕ ВРШИ ИСПРАВКА ВО ДИСПОЗИТИВОТ НА Заклучок за дозвола за извршување бр. 34 -35-1/564 од 06.10.2025г.,** на овластениот градежен инспектор при Општина Центар – Скопје, во делот на Инвеститорот **Република Македонија** треба да стои **Република Северна Македонија.**

2. **Ова Решение има правно дејство од денот кога има правно дејство Заклучокот за дозвола за извршување ИП1 бр. 34 -35-1/564 од 06.10.2025г.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Овластениот градежен инспектор во Општина Центар – Скопје, констатира дека во донесениот Заклучок ИП1 бр. 34-35-1/564 од 06.10.2025г., во делот на Инвеститорот **Република Македонија** треба да стои **Република Северна Македонија.**

Во Заклучок **ИП1 бр. 34 -35-1/564 од 06.10.2025г.** на овластениот градежен инспектор при Општина Центар – Скопје, е направена наведената грешка, поради која во смисла на **член 97 од Законот за општата управна постапка** по службена должност треба да се исправи.

**Имајќи го во предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.**

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија заодлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.Жалбата се таксира со 200,00 денери по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР**
**Олга Влинтоска, дги**

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**ИП1бр. 34 -35-1/564 од 09.10.2025г.**
**С К О П Ј Е**

Овластениот градежен инспектор во Општина Центар-Скопје, постапувајќи по службена должност, а врз основа на член 97, став 1 и 2 од законот за општата управна постапка (Службен весник на РМ бр.124/2015 и 65/2018), донесе:

## РЕШЕНИЕ
### За исправка на грешка во Решение ИП1 бр. 34 -35-1/564 од 02.10.2025г.

**1. СЕ ВРШИ ИСПРАВКА ВО ДИСПОЗИТИВОТ НА Решение ИП1 бр. 34 -35-1/564 од 02.10.2025г.,** на овластениот градежен инспектор при Општина Центар – Скопје, во делот на Инвеститорот **Република Македонија** треба да стои **Република Северна Македонија.**

**2. Ова Решение има правно дејство од денот кога има правно дејство Заклучокот за дозвола за извршување ИП1 бр. 34 -35-1/564 од 02.10.2025г.**

### О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Овластениот градежен инспектор во Општина Центар – Скопје, констатира дека во донесеното Решение ИП1 бр. 34-35-1/564 од 02.10.2025г., во делот на Инвеститорот **Република Македонија** треба да стои **Република Северна Македонија.**

Во Решение **ИП1 бр. 34 -35-1/564 од 02.10.2025г.** на овластениот градежен инспектор при Општина Центар – Скопје, е направена наведената грешка, поради која во смисла на **член 97 од Законот за општата управна постапка** по службена должност треба да се исправи.

**Имајќи го во предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.**

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија заодлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.Жалбата се таксира со 200,00 денери по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР**
**Олга Влинтоска, дги**